# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2013/2014 година ЗА СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ СО ЗАПИШАН II, IV, VI и VIII СЕМЕСТАР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СОСТАВ НА УКИМ ВО СКОПЈЕ

1. **ЗАВЕРКАТА НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2013-2014 година ЗА СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ НА СИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ И ГОДИНИ ЌЕ СЕ ВРШИ:**

**ОД 16.06.2014 година (понеделник)**
**ДО 23.06.2014 година (понеделник)**

- **При заверката студентите потребно е да ги обезбедат сите потписи и уредно пополнет семестрален лист со *административна марка* (ПП образец) од 50,00 денари.**
- **Заверка после предвидениот рок (во период од најмногу 7 работни дена) ќе се врши со надоместок од 10 Евра (во денарска противвредност) уплатени на жиро сметка на Факултетот.**
- **Студентите кои од оправдани причини задоцниле помалку од 30 дена од почетокот на редовниот рок за заверка, истото можат да го направат со задолжително поднесување на барање (барање/молба одобрена од продеканот за настава), поткрепено со соодветна документација за оправданото отсуство.**

- ***После предвидениот рок, студентите неможат да запишат семестар.***

***ПРИ ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАРОТ, СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ПОДИГНАТ ОД СТУДЕНТСКИ ПАРЛАМЕНТ (соба бр. 38 А):***

- **ПОТВРДА ЗА УПАТУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА (доколку студентите не подигнале документи при заверка на зимскиот и упис на летниот семестар) ЗА СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ НА ФЗНХ (30 дена практична настава, која е задолжителна законска обврска и која студентите треба да ја реализираат најдоцна до 14.9.2014 година, а без која студентите неможат да запишат наредна учебна година)**
- **СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ ВО II, IV, VI и VIII семестар ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДИГНУВААТ И ПОПОЛНУВААТ СТУДЕНТСКА АНКЕТА ЗА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2013/2014 година.**
- **СТУДЕНТИТЕ КОИ ЗАПИШУВААТ VIII СЕМЕСТАР ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДИГНУВААТ УПАТСТВО И ФОРМУЛАРИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМСКИ ТРУД (дипломскит труд се пријавува кога студентите ќе освојат минимум 200 ЕКТС кредити, а насловите на темите се објавени на огласната табла и веб страната на ФЗНХ).**

***Н А П О М Е Н А:***

***СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ ЗАПИШАНИ НА СИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ КОИ ВО ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР НЕ ОБЕЗБЕДИЛЕ ЕДЕН ИЛИ ПОВЕЌЕ ПОТПИСИ, ЌЕ МОЖАТ ДА ГО ЗАВЕРАТ СЕМЕСТАРОТ СО НАДОМЕСТОК ОД 19,98 Еври (во денарска противвредност) ЗА СЕКОЈ НЕРЕАЛИЗИРАН ПОТПИС, УПЛАТЕНИ НА ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ.***

**ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ Е:**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ, Ж.С. 160010454578810, со ТРЕЗОРСКА СМЕТКА 100000000063095 и ПОВИКУВАЧКИ БРОЈ 723012, ПРОГРАМА 41, НАЧИН 2, СО НАЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРИМАЧ: НАРОДНА БАНКА НА РМ.**

***СИТЕ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И УПЛАТНИЦИ СО НАЗНАЧЕНА ЖИРО СМЕТКА НА ФАКУЛТЕТОТ СТУДЕНТИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ НАБАВАТ ВО ФОТОКОПИРНИЦАТА НА ВЛЕЗОТ НА ФАКУЛТЕТОТ.***